МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 10 став 5 од Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја („Службен весник на Република Македонија" бр.55/2007), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ТИПОВИТЕ ОСНОВЕН МАТЕРИЈАЛ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЕКСПЕРТСКОТО МИСЛЕЊЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ОСНОВЕН МАТЕРИЈАЛ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето на правното лице кое е сопственик или корисник, или физичкото лице кое е сопственик на основниот материјал за признавање на типовите основен материјал за добивање на идентификуван, селектиран, квалификуван и тестиран репродуктивен материјал, како и формата и содржината на експертското мислење за признавање на основниот материјал.

## Член 2

Барањето за признавање на тип основен материјал за добивање на идентификуван репродуктивен материјал се поднесува на бела хартија во А4 формат и содржи: до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, назив/име и презиме на барател, адреса и седиште, општина и ЕДБС/ЕМБГ, опис и карактеристики на основниот материјал, дрвен вид (латинско и народно име), тип на основен материјал (семенски извор: стебло, група стебла или насад), потекло (автохтоно, неавтохтоно или непознато), провениенциско подрачје, надморска височина и/или климатско-вегетациско-почвено подрачје, возраст, за уредени шуми, за неуредени шуми, за единечни стебла/група стебла надвор од шума, забелешка, место и дата и потпис на подносителот на барањето.

Образецот на барањето од став 1 на овој член е даден во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Барањето за признавање на тип основен материјал за добивање на селектиран репродуктивен материјал се изготвува на бела хартија во А4 формат и содржи: до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, назив/име и презиме на барател, адреса и седиште, општина и ЕДБС/ЕМБГ, опис и карактеристики на основниот материјал, дрвен вид (латинско и

народно име), провениенциско подрачје, за уредени шуми, за неуредени шуми, стар број и ознака на семенскиот насад (ако се врши пререгистрирање), карактеристики на месторастење, климатски карактеристики, опис на семенскиот насад, одгледувачки, уредувачки и други мерки кои биле спроведувани во објектот, забелешка, потпис на лицето кое извршило обработка на податоците, место и дата и потпис на подносителот на барањето.

Образецот на барањето од став 1 на овој член е даден во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Барањето за признавање на тип основен материјал за добивање на квалификуван репродуктивен материјал се изготвува на бела хартија во А4 формат и содржи: до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, назив/име и презиме на барател, адреса и седиште, општина и ЕДБС/ЕМБГ, опис и карактеристики на основниот материјал, дрвен вид (латинско и народно име), тип на основен материјал (семенска плантажа, родителски стебла, клон или мешавина на клонови), за семенска плантажа/мешавина на клонови (да се подвлече), основни карактеристики, за родителски стебла/клон (да се подвлече), основни карактеристики, забелешка, прилог (список на употребените родителски стебла/клонови и шема на разместеност на клоновите), потпис на лицето кое извршило обработка на податоците, место и дата и потпис на подносителот на барањето.

Образецот на барањето од став 1 на овој член е даден во Прилог 3, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Барањето за признавање на тип основен материјал за добивање на тестиран репродуктивен материјал се изготвува на бела хартија во А4 формат и содржи: до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, назив/име и презиме на барател, адреса и седиште, општина и ЕДБС/ЕМБГ, А) општи податоци, Б) податоци за основниот материјал, В) детални податоци за тестирањето (го пополнува лицето кое го врши тестирањето), Г) особини на материјалот тестиран во опитите (се пополнува на крајот на тестирањето), препорака на облагородувачот на кои подрачја да се користи репродуктивниот материјал, ограничувања на користење, останати забелешки, потпис на лицето кое извршило обработка на податоците, место и дата и потпис на подносителот на барањето.

Образецот на барањето од став 1 на овој член е даден во Прилог 4, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 6**

Експертското мислење за признавање на основен материјал се издава на бела хартија во А4 формат и содржи: назив на овластена институција, архивски број, дата и место, име на барателот, архивски број и дата на барањето за признавање на тип основен материјал за производство на репродуктивен материјал од определена категорија, мислење од овластената институција за признавање на предметниот основен материјал за производство на репродуктивен материјал од определена категорија (може/не може), образложение, период на признавање на основниот материјал, препораки за стопанисување со основниот материјал, потпис на изготвувачите на експертизата и на одговорното лице на овластената институција и место за печат.

Образецот на експертското мислење од став 1 на овој член е даден во Прилог 5, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 09 - 12543/1

1 октомври 2008 година

Скопје

Министер,

Ацо Спасеноски, с

**ПРИЛОГ 1**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# БАРАЊЕ
ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ТИП ОСНОВЕН МАТЕРИЈАЛ НАМЕНЕТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА **ИДЕНТИФИКУВАН** РЕПРОДУКТИВЕН МАТЕРИЈАЛ

Назив/Име и презиме на барател: ______________________________
Адреса и седиште: ______________________________
Општина: ______________________________
ЕДБС/ЕМБГ______________________________

**ОПИС И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОСНОВНИОТ МАТЕРИЈАЛ:**
**1. Дрвен вид (латинско и народно име):**______________________________
2. Тип на основен материјал(семенски извор:стебло, група стебла или насад):______________
3. Потекло(автохтоно, неавтохтоно или непознато):______________________
4. Провениенциско подрачје:______________________________
5. Надморска височина и/или климатско-вегетациско-почвено подрачје:______________

______________________________

6. Возраст:
   а) Кај насад (од Посебниот план за стопанисување со шуми): ______________ години
   б) Кај стебло/група стебла (квалификувана проценка): ______________ години

**7. За уредени шуми:**
   а) Назив на шумскостопанска единица: ______________________
   б) Место викано: ______________________
   в) Број на оддел (пододдел): ______________________
   г) Површина на целиот насад (од Посебниот план за стопанисување со шуми): ________
   д) Површина на насадот за признавање: ______________________

**8. За неуредени шуми:**
   а) Општина: ______________________
   б) Катастарска општина ______________________
   в) Број на катастарска парцела______________________
   г) Место викано: ______________________

9. **За единечни стебла/група стебла надвор од шума**:
   а) Локален назив на местото каде се наоѓаат стеблата______________________
   б) Катастарска општина______________________
   в) Катастарска парцела______________________
   г) Број на дрвја во групата: ______________________

10. Забелешка: ______________________________

______________________________

Подносител на барањето

Во: ____________________

Дата: ____________________

______________________________

ПРИЛОГ 2

ДО
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**Б А Р А Њ Е**
ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ТИП ОСНОВЕН МАТЕРИЈАЛ НАМЕНЕТ ЗА
ДОБИВАЊЕ НА СЕЛЕКТИРАН РЕПРОДУКТИВЕН МАТЕРИЈАЛ

Назив/Име и презиме на барател: ____________________
Адреса и седиште: ____________________
Општина: ____________________
ЕДБС/ЕМБГ ____________________

**ОПИС И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОСНОВНИОТ МАТЕРИЈАЛ:**

**1. Дрвен вид (латинско и народно име):**

2. Провениенциско подрачје: ____________________

3. **За уредени шуми:**
   а)Назив на шумскостопанска единица: ____________________
   б)Место викано: ____________________
   в)Број на одел (пододдел): ____________________
   г)Површина: ____________________
   д) Стопанска класа: ____________________

**4. За неуредени шуми:**
   а) Општина: ____________________
   б) Катастарска општина ____________________
   в) Број на катастарска парцела: ____________________
   г) Место викано: ____________________

5. Стар број и ознака на семенскиот насад (**ако се врши пререгистрирање**) ____________________

6 **Карактеристики на месторастењето**:
   а) Географска должина: ____________________
   б) Географска ширина: ____________________
   в)Надморска височина и/или климатско - вегетациско - почвено подрачје: ____________________
   г) Наклон: ____________________
   д) Експозиција: ____________________
   ѓ) Геолошка подлога: ____________________
   е) Почвен тип: ____________________
   ж) Фитоценоза: ____________________

7. **Климатски карактеристики:**
   а) Назив и оддалеченост на метеоролошката станица: ____________________
   б) Максимална температура: ____________ $^0C$
   в) Минимална температура: ____________ $^0C$
   г) Средна годишна за период од 01.04. до 01.10. ________ $^0C$
   д) Сума на годишни врнежи: ____________ мм
   ѓ) Сума на врнежи во вегетациониот период: ____________ мм

**8. Опис на семенскиот насад**:
   а)Потекло (автохтоно, неавтохтоно или непознато): ____________________
   б) Потекло на неавтохтон основен материјал: ____________________
   в) Форма на одгледување (еднопозрасна или разновозрасна): ____________________
   г) Застапеност на други видови (во %): ____________________

д) Склоп: ________________________________________________________________
ѓ) Старост на стебла од пријавениот вид: од ______до______ години
- преовладуваат стебла со старост од ___________ години
е) Состојба на подмладокот на пријавениот вид: _____________________________
ж) Висина на стеблата од пријавениот вид: од ______ до ______ м
- преовладуваат стебла со висин од ______________ м
з) Пречник на стеблата од пријавениот вид: од _____ до ______ см
- преовладуваат стебла со пречник од ____________ см

9. Одгледувачки, уредувачки и други мерки кои биле спроведувани во објектот:
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________

10. Забелешка:
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________

Обработката на податоците
ја извршил:
________________________

Подносител на барањето

Во: ____________________
Дата: _________________ ___________________________

**ПРИЛОГ 3**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**Б А Р А Њ Е**
ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ТИП ОСНОВЕН МАТЕРИЈАЛ НАМЕНЕТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА **КВАЛИФИКУВАН** РЕПРОДУКТИВЕН МАТЕРИЈАЛ

Назив/Име и презиме на барател: ____________________
Адреса и седиште: ____________________
Општина: ____________________
ЕДБС/ЕМБГ____________________

**ОПИС И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОСНОВНИОТ МАТЕРИЈАЛ:**
**1. Дрвен вид (латинско и народно име):**____________________
2. Тип на основен материјал (семенска плантажа, родителски стебла, клон или мешавина на клонови):____________________

**I. За СЕМЕНСКА ПЛАНТАЖА/ МЕШАВИНА НА КЛОНОВИ** (да се подвлече)
3. Основни карактеристики:
а) Катастарска општина: ____________________
б) Евиденциски број: ____________________
в) Провениенциско подрачје:____________________
г) Висински појас (зона): ____________________
д) Надморска височина: ____________________
ѓ) Број на клонови: ____________________
е) Број на калемени растенија: ____________________
ж) Површина: ____________________
з) Година на подигање: ____________________

**II. За РОДИТЕЛСКО СТЕБЛО/КЛОН** (да се подвлече)
**4.** Основни карактеристики:
а) Потекло на родителските стебла/клонови:____________________
б) Намена на родителското стебло(а)/ клонот(овите):____________________
в) Екотип: ____________________
г) Провениенциско подрачје: ____________________
д) Висински појас (зона): ____________________
ѓ) Број на родителски стебла/клонови: ____________________
е) Број на калемени растенија: ____________________

5. Забелешка: ____________________
____________________

**Прилог:**
-Список на употребените родителски стебла /клонови;
-Шема на разместеност на клоновите;

Обработката на податоците
ја извршил:

____________________

Подносител на барањето

Во: ____________________
Дата: ____________________

____________________

**ПРИЛОГ 4**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**Б А Р А Њ Е**
ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ТИП ОСНОВЕН МАТЕРИЈАЛ НАМЕНЕТ ЗА
ДОБИВАЊЕ НА **ТЕСТИРАН** РЕПРОДУКТИВЕН МАТЕРИЈАЛ

Назив/Име и презиме на барател: ______________________________
Адреса и седиште: ______________________________
Општина: ______________________________
ЕДБС/ЕМБГ______________________________

## А) ОПШТИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| 1. Дрвен вид **(латинско и народно име)** | |
| 2. Предложено име на сортата | |
| 3. Цел на тестирање - (особини на основниот материјал поради кои се врши тестирањето) | |
| 4. Сопственик на основниот материјал | |
| 5. Име на облагородувачите и на соработниците по редослед на учество во работата на создавање на сортата | |
| 6. Дали репродуктивниот материјал од кој е основан основниот материјал е заштитен во некоја странска земја? Ако да, наведете во која. | |

## Б) ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВНИОТ МАТЕРИЈАЛ

| | |
|---|---|
| 1. Тип на основен материјал (семенска плантажа; родителски стебла; клон или мешавина на клонови) | |
| 2. Потекло на основниот материјал | |
| 3. Локација на основниот материјал | |
| 3. Старост на стеблата во време на поднесување на барањето | |
| 4. Волумен на дрвјата и волуменски прираст ($m^3$/ha) | |
| 5. Правност на деблата | |
| 6. Број на стебла | |

| | |
|---|---|
| 7. Форма на круната, должина на круната во однос на висината (просечни вредности) | |
| 8. Здравствена состојба | |
| 9. Почвен тип и геолошка подлога | |
| 10. Клима | |
| 11. Надморска височина | |
| 12. Зачестеност на плодоносење | |
| 13. Изолираност од непожелно опрашување | |
| 14. Начин на основање, претходно стопанисување и користење | |

## В) ДЕТАЛНИ ПОДАТОЦИ ЗА ТЕСТИРАЊЕТО

(пополнува лицето кое го врши тестирањето)

| | |
|---|---|
| 1. Година на почетокот на тестирањето | |
| 2. Број на опитните полиња | |
| 3. Начин на основање на опитните полиња | |
| 4. Старост на насадот во опитните полиња | |
| 5. Број на парцели во опитните полиња | |
| 6. Број на растенија во парцелите | |
| 7. Изолираност од непожелно опрашување | |
| 8. Година | ОПИС НА РАБОТИТЕ |
| 20.. | |
| 20.. | |
| 20.. | |
| 20.. | |
| 20.. | |
| 20.. | |
| 20.. | |
| 20.. | |
| 20.. | |
| 20.. | |

| | |
|---|---|
| | |
| 9. Забелешка: | |

## Г) ОСОБИНИ НА МАТЕРИЈАЛОТ ТЕСТИРАН ВО ОПИТИТЕ

(се пополнува на крајот на тестирањето)

| **Особини** | **На репр. материјал на основниот материјал кој се тестира** | **На стандардот I** | **На стандардот II** |
|---|---|---|---|
| 1. Опит изглед - морфолошки опис | | | |
| 2. Биолошки особини цветање, листање, пол и сл.) | | | |
| 3. Волумен на дрвото и волуменски прираст ($м^3$/ха) | | | |
| 4. Технички својства на дрвото | | | |
| 5. Адаптираност на еколошките услови (почва, температура, врнежи и сл.) | | | |
| 6. Осетливост на растителни болести и штетници (оценка 1-10, да се образложи) | | | |
| 7. Зачестеност на плодоносење и обилност на вродот | | | |
| 8. Специфичност на сортата | | | |
| 9. Други податоци | | | |

Препорака на облагородувачот на кои подрачја да се користи репродуктивниот материјал: ______________________________

______________________________

______________________________

Ограничувања на користење: ______________________________

______________________________

Останати забелешки: ______________________________

Обработката на податоците ја извршил:

______________________________

Подносител на барањето

Во: ______________________

Дата: ______________________

______________________________

**ПРИЛОГ 5**

**Назив на овластена институција**
**Арх.бр.**_____________________
**Дата** ______________________
**Место**

**ЕКСПЕРТСКО МИСЛЕЊЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ОСНОВЕН МАТЕРИЈАЛ**

Врз основа на поднесеното барање од страна на _________________________ арх. бр. ___________ од _________ година, за признавање на тип на основен материјал * (**семенски извор; семенски насад; семенска плантажа; родителски стебла; клон; мешавина на клонови**) ___________________________________________

(* да се наведе еден од типовите на основен материјал )

за производство на репродуктивен материјал од категоријата ** (**идентификуван, селектиран, квалификуван или тестиран**): ______________________________

(** да се наведе една од категориите)

од шумски видови дрвја, извршена е експертиза на предложениот објект (објекти) и оценети се сите релевантни фактори кои може да влијаат врз донесувањето на одлуката за признавање.

Предметниот основен материјал: ___________________________, чие признавање се бара,

**М О Ж Е / Н Е  М О Ж Е**

(да се подвлече)

да биде признат како основен материјал за производство на ____________________________*** репродуктивен материјал од шумски видови дрвја.

( *** да се наведе категоријата на репродуктивен материјал)

**Образложение:** ______________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________

**Период на признавање на основниот материјал:** ___________________ **години.**

**Препораки за стопанисување со основниот материјал:** ____________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________

Експертизата ја изработиле:
1. ____________________________
2. ____________________________
3. ____________________________

Одговорно лице на овластената институција

(м.п.) ________________________